Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје



ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА СКОПЈЕ

... од 1991 година

FACULTAS MEDICINAE VETERINARIAE SKOPJE

СОДРЖИНА

Воведен збор на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје ---- 3
Кус историјат ---- 4
Професија: Доктор по ветеринарна медицина ---- 5
Што сè работат докторите по ветеринарна медицина? ---- 6
Начин на запишување ---- 9
Нешто за студиите по ветеринарна медицина на ФВМС ---- 10
Просторни капацитети ---- 11
- Анатомска сала ---- 13
- Универзитетска ветеринарна болница ---- 14
- Факултетска библиотека со компјутерска училница ---- 15

Накусо за ЕКТС системот ---- 16
Студиската програма на интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина ---- 17
- I година ---- 18
- II година ---- 19
- III година ---- 20
- IV година ---- 21
- V година ---- 22
- VI година ---- 23
- За повеќе детали ---- 25

Меѓународна размена (студентска мобилност) ---- 26
Учество на студентите на домашни и меѓународни собири ---- 29
Студентски организации ---- 30
- Студентско собрание ---- 31
- Меѓународна асоцијација на студенти по ветерина (International Veterinary Students Association – IVSA) ---- 32

И конечно на крајот... ---- 33
Корисни информации ---- 35

ВОВЕДЕН ЗБОР НА ДЕКАНОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА - СКОПЈЕ


> Лекарот го лечи човекот, а ветеринарот човештвото.
>
> Луј Пастер



Чест ми е да ви го претставам Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, со чиешто завршување се стекнува звањето доктор по ветеринарна медицина (ДВМ), професија со многу можности и една од регулираните професии во земјите членки на Европската Унија. Ветеринарната професија денес низ целиот свет минува низ значајни преобразби, базирани на јавниот интерес и насочени кон обезбедување на висококвалитетни ветеринарски услуги.
Сè поголемиот развој на ветеринарно-медицинската наука на сите полиња (нови сознанија за природата на болестите, нови дијагностички техники и начини на терапија), како и сè поголемото значење на безбедноста на храната, благостојбата на животните и заштитата на животната средина, доведоа до значајно усложнување на задачите, улогата и одговорноста на докторите по ветеринарна медицина во секојдневната практика.
Поради ова, неопходно е нивно приспособување кон овие нови улоги и потреби, со цел зачувување и унапредување на професијата доктор по ветеринарна медицина. Современата ориентација на ветеринарната едукација за потребите на новото време е приоритетна задача на Факултетот за ветеринарна медицина. На Факултетот, главна цел е да се создаде модерен доктор по ветеринарна медицина, кој не само што ќе поседува квалитетно образование, туку и ќе биде способен своето стручно знаење континуирано да го обновува во текот на целиот свој работен век, со што ќе се зголемува способноста за пружање на што поквалитетна професионална услуга.
За ова да се постигне потребно е приспособување на локалните можности и особености на заедницата во која живееме и работиме, од една страна, како и задоволување и на критериумите дадени во директивите на ЕУ, наменети за регулираните професии (во кои покрај хуманата медицина, стоматологијата и фармацијата, спаѓа и ветеринарната медицина), за идните доктори по ветеринарна медицина да бидат конкуренти не само во земјава, туку и на меѓународниот пазар на трудот.
Поради сево ова, едукацијата ја насочивме кон создавање доктори по ветеринарна медицина кои ќе знаат да се справуваат со најразлични практични проблеми врзани не само со здравствена заштита на животните и безбедноста на храната, туку и со прашања врзани со благосостојбата на животните и екологијата.
За да бидат конкурентни, тие ќе треба да поседуваат вештини и знаења со мултидисциплинарен пристап. Факултетот за ветеринарна медицина едуцира студенти способни да ги совладуваат предизвиците на времето во кое живеат и работат според концептот нашироко прифатен во Европа – „ветеринарна медицина + хумана медицина = едно здравја за сите“, т.е. доктори по ветеринарна медицина кои грижејќи се за здравјето на животните се грижат исто така и за здравјето на луѓето.
Овој интерактивен процес на учење го има предвидено прочуениот филозоф Едгар Морен кој рекол „глава што мисли, не глава што помни“, и тоа е есенцијата на сите реформи на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Скопје,
Декан
проф. д-р Лазо Пендовски









КУС ИСТОРИЈАТ

Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (ФВМС) делува во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Формиран е во 1991 година, најпрво како насока на тогашниот Земјоделски факултет (денес Факултет за земјоделски науки и храна), а во 1994 година станува самостоен Ветеринарен факултет. Во 2000 година го добива сегашниот назив Факултет за ветеринарна медицина.

Иако една од најмладите членки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", ФВМС ја носи и мошне старата традиција на некогашниот Ветеринарен инситут, чии почетоци датираат уште од далечната 1927 година, и кој што во 2004 година се припои на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, така што ФВМС денес е негов наследник и ги врши сите дејности (главно од применувачката дејност) што некогаш беа во надлежност на оваа угледна институција, една од најстарите во регионов.

ПРОФЕСИЈА:
ДОКТОР ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

Професијата ДОКТОР ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА (ДВМ) е една од регулираните професии во ЕУ (заедно со професиите лекар, стоматолог, фармацевт итн.)







ШТО СÈ РАБОТАТ ДОКТОРИТЕ ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА?



Лекување на домашни миленици („мала пракса“)



Лекување на фармски животни („голема пракса“)



Фармацевтска индустрија, веледро-герии, дијагностички лаборатории





ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА, ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ

ШТО СÈ РАБОТАТ ДОКТОРИТЕ ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА?





ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА, ВЕТЕРИНАРНА ИСНПЕКЦИЈА







ОБРАЗОВАНИЕ, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

ДОКТОР ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

ЗА СИТЕ КАНДИДАТИ ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ЕКСТЕРЕН ИСПИТ Е ПРЕДМЕТОТ:

- **Македонски јазик и литература;**
- **Албански јазик и литература;**
- **Турски јазик и литература;**

1 ИЗБОРЕН ЕКСТЕРЕН ПРЕДМЕТ

ЗА КАНДИДАТИТЕ ОД ГИМНАЗИЈА:

математика или странски јазик

ЗА КАНДИДАТИТЕ ОД СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ:

математика или странски јазик

ЗА КАНДИДАТИТЕ ОД СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ:

странски јазик или естетика/ филозофија

2 ИЗБОРЕН ЕКСТЕРЕН ПРЕДМЕТ*

ЗА КАНДИДАТИТЕ ОД ГИМНАЗИЈА:

странски јазик, математика, хемија, физика, биологија, историја, филозофија

ЗА КАНДИДАТИТЕ ОД СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ:

странски јазик, математика, хемија, физика, биологија, историја, бизнис

ЗА КАНДИДАТИТЕ ОД СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ:

странски јазик, естетика, филозофија или историја

3 ИЗБОРЕН ИНТЕРЕН ПРЕДМЕТ

ЗА КАНДИДАТИТЕ ОД ГИМНАЗИЈА:

без ограничување

ЗА КАНДИДАТИТЕ ОД СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЗА КАНДИДАТИТЕ ОД СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ:

без ограничување

Начин на запишување

Кои предмети од државната матура треба да ги положи средношколецот – матурант, ако сака да се запише на ФВМ-С?

НАЧИН НА ЗАПИШУВАЊЕ

Следете го објавувањето на Конкурсот на веб-страниците на ФВМС и на УКИМ
www.fvm.ukim.edu.mk
www.ukim.edu.mk







Нешто за студиите по ветеринарна медицина на ФВМС




Интегрирани студии од прв и втор циклус
5,5 години / 11 семестри / 330 ЕКТС кредити
се стекнува звањето: доктор по ветеринарна медицина (ДВМ)
диплома со еквивалент на магистер

ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ



Студентите на ФВМС своите студиски обврски ги реализираат во 5 објекти: „Зградата бр. 1“ во која семестени деканатот и Институтот за храна, „Зградата бр. 2“, во која е сметен Ветеринарниот институт, „Зградата бр. 3“, во која е сместен Институтот за репродукција и биомедицина, „Зграда бр. 4“, во која е сместена Универзитетската ветеринарна болница, како и “Зградата бр. 6“, адаптирана барака во која се сместени Факултетската библиотека и компјутерска училница и службата за студентски прашања.

ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Теориската настава на ФВМС се одвива во три предавални:
Предавална 1 (во „3града бр. 1“)
Предавална 2 – Амфитеатар (во „3града бр. 3“)
Предавална 3 (во „3града бр. 4“).
Сите се опремени со соодветна аудио-визуелна опрема (компјутер и ЛЦД-проектор).



Предавална 1



Предавална 2



Предавална 3

ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Практичната настава (лабораториски вежби, неклиничка практика) се одвива во повеќе вежбални, како и во некои од факултетските лаборатории, кога во нив не се врши применувачка дејност.
Вежбите од клиничките предмети се одвиваат на Универзитетската ветеринарна болница – Клиника за домашни миленици и копитари, како и на сточни фарми и претпријатија од прехрамбената индустрија (теренска практика).







АНАТОМСКА САЛА

ФВМС поседува и Анатомска сала со богата колекција на остеолошки препарати од сите видови домашни, како и од некои видови диви и егзотични животни, а исто така поседува и колекција од пластинирани анатомски препарати од различни животински органи и делови од тело, произведени во сопствентата лабораторија за пластинација (прва во регионов!).







УНИВЕРЗИТЕТСКА ВЕТЕРИНАРНА БОЛНИЦА

УНИВЕРЗИТЕТСКА ВЕТЕРИНАРНА БОЛНИЦА
КЛИНИКА ЗА ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ И КОПИТАРИ







Од 2012 година во рамките на ФВМС функционира Универзитетската ветеринарна болница (УВБ).
Болницата поседува најсовремена опрема за дијагностика и третман на животните – пациенти (дигитална рентгенографија, ехографија, електро-кардиографија), а во неа делува и дијагностичка лабораторија за хематолошки и биохемиски испитувања.
Освен тоа, услуги на пациентите на УВБ им даваат и лабораториите за микробиологија односно паразитологија од Ветеринрниот институт при ФВМС. Во УВБ студентите на ФВМС ја реализираат практичната настава од повеќе предмети.
Покрај домашните миленици, во УВБ се третираат и животни од скопската Зоолошка градина и диви животни.

Факултетска библиотека со компјутерска училница







Библиотеката на ФВМС содржи околу 3000 примероци на домашна и странска литература од разни области на ветеринарната медицина, а и од други, сродни области.
Добар дел од нив се македонски преводи на учебници од реномирани светски универзитети. Исто така, библиотека служи и како компјутерска училница, и во неа се сместени 15 персонални копмјутери со интернет пристап, а во кои се инсталирани едукативни програми (CLIVE) развиени на Кралскиот ветеринарен колеџ од Единбург (Шкотска, Велика Британија). Училницата е од неодамна реновирана, и студентите се чувствуваат многу пријатно во неа, така што, покрај за учење, ја користат и за своите воншколски активности.

CLIVE

Накусо за ЕКТС системот

- Се темели врз принципите на Болоњската декларација;
- Континуирано следење на активностите на студентот во текот на наставата;
- Формирање на завршната оценка врз основа на освоени поени;
- Изборни предмети;
- Мобилност.



Студиската програма на интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина








- задолжителни предмети (вкупно 51)
  - базични
  - предклинички
  - клинички
  - параклинички
- изборни предмети (се бираат 11-15 од вкупно 59 понудени)
- клиничка практика во XI семестар
- клиничка/летна практика
- изработка и одбрана на дипломски труд

I ГОДИНА







Задолжителни предмети:

Хемија;
Биологија на клетка;
Биофизика;
Биостатистика;
Анатомија на животните;
Хистологија со ембриологија;
Биохемија;
Хранливи, лековити и отровни растенија;
Рурална економија;
Здравје и спорт
+
Клиничка/теренска практика;

II ГОДИНА












Задолжителни предмети:

Физиологија на животните;
Исхрана на домашните животни;
Сточарство;
Анимална хигиена;
Микробиологија;
Имунологија;
Комуникација во ветеринарната практика
+
Клиничка/теренска практика;

III ГОДИНА









Задолжителни предмети:
Патолошка физиологија;
Фармакологија;
Патолошка морфологија;
Паразитологија и паразитни заболувања;
Клиничка анатомија на животните;
Визуелни дијагностички методи;
Клиничка биохемија;
Однесување и благосостојба на животните;
Клиничка и лабораториска дијагностика на домашни миленици и копитари;
Клиничка и лабораториска дијагностика на фармски животни
+
Клиничка/теренска практика;

IV ГОДИНА



Задолжителни предмети:
Внатрешни болести на домашни миленици и копитари;
Внатрешни болести на фармски животни;
Репродукција;
Општа хирургија со анестезиологија;
Офталмологија;
Ветеринарна токсикологија;
Специјална хирургија со ортопедија (продолжува во V година);
Заразни заболувања на домашните животни (продолжува во V година);
+
Клиничка/теренска практика;







V ГОДИНА







Задолжителни предмети:
Специјална хирургија со ортопедија (продолжува од IV година);
Заразни заболувања на домашните животни (продолжува од IV година);
Хигиена и технологија на месо, риби, јајца, мед и нивни производи;
Хигиена и технологија на млеко;
Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство;
Аналитичка хемија на храна;
Ветеринарна епидемиологија;
Менаџмент на здравје на стадо;
Основи на менаџмент со менаџмент на ветеринарна практика;
Биологија и патологија на риби;
Биологија и патологија на пчели;
Биологија и патологија на дивеч;
Болести на птиците;
Управно ветеринарство;
Судско ветеринарство и ветеринарна етика
+
Клиничка/теренска практика;

VI ГОДИНА







Задолжителни предмети:
Клиничка практика: домашни миленици;
Клиничка практика: фармски животни;
Практика во претпријата за производство на храна од животинско потекло;
Подготовка и одбрана на дипломски труд
+
Клиничка/теренска практика;



ДИПЛОМА

ЗА ЗАКРШЕНИ ИНТЕГРИРАНИ СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС


[redacted]

РОДЕНА НА 14.12.1991 ГОДИНА ВО СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
ЗАВРШИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА,
СО ВКУПНО 331 ЕКТС-КРЕДИТИ И ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА 9,72, И СЕ СТЕКНА СО СТРУЧНОТО ЗВАЊЕ
ДОКТОР ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА (DOCTOR OF VETERINARY MEDICINE).

ЗА ПОВЕЌЕ ДЕТАЛИ

Студискиот водич во кој можат да се најдат повеќе детали за ветеринарната професија, за начинот на студирање на ФВМС, за правата и обврските на студентот, и за самата студиска програма, како и Прегледот на наставните предмети опфатени во неа (со детален опис на секој предмет) се слободно достапни во пдф-формат на факултетската веб-страница https://fvm.ukim.edu.mk/





МЕЃУНАРОДНА РАЗМЕНА (СТУДЕНТСКА МОБИЛНОСТ)



Во рамките на програмата CEEPUS студентите на ФВМС можат да реализираат мобилност на повеќе европски факултети/универзитети по ветеринарна медицина, и тоа во: Загреб (Хрватска), Љубљана (Словенија), Виена (Австрија), Будимпешта (Унгарија), Брно (Чешка), Кошице (Словачка), Вроцлав (Полска), Белград (Србија), Сараево (Босна и Херцеговина) и Тирана (Албанија).



МЕЃУНАРОДНА РАЗМЕНА (СТУДЕНТСКА МОБИЛНОСТ)

Во рамките на програмата Erasmus+ студентите на ФВМС можат да реализираат мобилност во факултетите, универзитетите по ветеринарна медицина во:
Загреб (Хрватска), Љубљана (Словенија), Кошице (Словачка), Нитра (Словачка), Будимпешта (Унгарија), Стара Загора (Бугарија), Вроцлав (Полска), Варшава (Полска), Тарту (Естонија), Терамо (Италија), Парма (Италија) и Истанбул (Турција).

МЕЃУНАРОДНА РАЗМЕНА (СТУДЕНТСКА МОБИЛНОСТ)







ФВМС има и билатерални договори со ветеринарните факултети во Истанбул (Турција) и во Софија (Бугарија), со што на нашите студенти секоја година им се организира летна клиничка практика на овие факултети.



УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ НА ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ СОБИРИ

На студентите на ФВМС им се нуди можност и за научно-истражувачка работа под менторство на професор по нивни личен избор.
Тие своите трудови ги презентираат на научни собири во земјава (Денови на ветеринарна медицина организирани од ФВМС во Охрид/Струга) и во странство (Меѓународниот конгрес на студенти по ветеринарна медицина во Истанбул).

СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ









Студентското собрание е тело на Универзитетот, а го сочинуваат претставници на студентите избрани од самите студенти на непосредни избори со тајно гласање. Покрај универзитетското, секој факултет си конституира свое факултетско стидентско собрание.

Студентското собрание делегира претставници на студентите во сите органи и тела на факултетите и на Универзитетот, кои ги застапуваат студентските права и интереси.

Студентското собрание при ФВМС организира и разни воншколски активности за студентите, како што е екипата за фудбал, која учествува на Универзитетските натпревари при УКИМ, во 2017 година учествуваше на меѓународните студентски игри „Ветеринијада 2017“ на Златибор (Србија), а во 2018 година студентите на ФВМС ја организираа „Ветеринијада 2018“ во Охрид.









СТУДЕНТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

IVSA SKOPJE







МЕЃУНАРОДНА АСОЦИЈАЦИЈА НА СТУДЕНТИ ПО ВЕТЕРИНА

(INTERNATIONAL VETERINARY STUDENTS ASSOCIATION – IVSA)

Меѓународната асоцијација на студенти по ветерина (International Veterinary Students Association – IVSA) ги обединува студентите по ветеринарна медицина од целиот свет, а основна функција и` е размена на знаења и искуства. Македонскиот огранок на ИВСА при ФВМС во последниов период има остварено голем број активности, како што се возвратните посети со студентите од Краков (Полска), Кошице (Словачка), Мезон-Алфорт – Париз (Франција), Вроцлав (Полска), Упсала (Шведска) и Бурса (Турција).

Освен тоа, ИВСА Скопје организираше новогодишни и осмомартовски добротворни базари, наменети за бездомните кучиња, а во 2018 и 2019година го организираше настанот „Ден на вашето миленичe“ во Градскиот парк во Скопје, како и меѓународните студентски игри „Ветеринијада 2018“ во Охрид, во кој учество зедоа студенти од речиси сите ветеринарни факултети во регионов.

И КОНЕЧНО НА КРАЈОТ...


По завршувањето на X семестар, студентите на ФВМС традиционално организираат „апсолвентска“ забава, со која се заокружува петгодишното заедничко студирање и дружење.



Секоја година на 14 ноември (денот на светите врачи Кузман и Дамјан, кои се земени како патрони на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје), деканот на ФВМС свечено ги доделува дипломите на новите доктори по ветеринарна медицина кои имаат дипломирано во претходната академска година.



КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ



Локација на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје
Факултетот е лоциран блиску до источниот излез (Скопје-Исток), на 4 km од центарот на Скопје, во населбата Автокоманда, општина Гази Баба.
Во непосредна близина на ФВМС се Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ и студентскиот дом „Стив Наумов“.

Адреса: Лазар Поп Трајков, 5/7, 1000 Скопје
Тел: 02 3240 774 (Студентски прашања)
Факс: 02 3114 619
веб-страна: https://www.fvm.ukim.edu.mk
facebook: https://www.facebook.com/fvm.ukim.edu.mk/

СЕ ГЛЕДАМЕ НА 1 ОКТОМВРИ

